# Фудбалската секција

Фудбалската екипа при КСД Македонија е една од најстарите спортски секции која непрекинато веќе 30 години се натпреварува.

За овој долгогодишен период, исполнет со незаборавни спомени на радости, успеси и неуспеси, голем број на млади и талентирани фудбалери го величеа името на КСД Македонија на спортските терени. Тоа ја прави и денес новата генерација на млади фудбалери.

Спортската екипа постигнала успеси да се натпреваруваа дури и во 4:та шведска лига.

Во спортската екипа се добродојдени сите младинци без оглед на раса, боја и народност.

Целта на нашето друштво е да преку фудбалот се дружиме и ја делиме радоста на фудбалското и спротското поле, односно да учествуваме и да се натпреваруваме со други и слични екипи како нашата. Исто така да ги делиме успесите и неуспесите заедно со нашите млади и со нашата верна публика.

Секоја година кон крајот на Ноември месец се одржува „Makedonija Inomhus Cup„ на кој учествуваат повеќе од 20 екипи.

Купот се одржува во пластичната хала во населбата Росенгорд. Во натпреварот на најдобрите тимови им се доделуваат прво, второ и трето место како и преоден пехар.